Врз основа на член 22 и 23 од Законот за работни односи- пречистен текст
(„Сл. Весник на РСМ.“ бр. 167/2015,27/2016 и 120/2018)
Директорот на ЈП Водовод и канализација – Скопје
објавува

Ј А В Е Н О Г Л А С Бр.10/2021
за прием на помошно-технички лица на неопределено време

Се распишува Јавен оглас за засновање на работен однос на неопределено време за помошно-техничко лице за работно место:

КДР0401А03005 Хигиеничар, во Одделение за општи работи, во Сектор Правни и општи работи – 1 извршител

Општи услови:
- да е државјанин на Република Северна Македонија
- активно да го користи македонскиот јазик,
- да е полнолетен,
- да има општа здравствена способност за работното место

Посебни услови:
- најмалку ниво на квалификации I или основно образование.
- за нивото А3 со и без работно искуство.

Паричен нето износ на плата 20.700,00 денари

Распоред на работно време:
- Работни денови понеделник-петок
- Работни часови неделно 40
- Работно време од 07:30 до 15:30

НАПОМЕНА: Предвидени вработувања по припадност на заедницата согласно годишниот план на институцијата за 2021 година се: Македонец(ка)1

Потребни документи:
- Пријавите за вработување се потполнуваат на образец изготвен од страна на претпријатието кој може да се подигне од Архивата на ЈП Водовод и канализација – Скопје, или на веб страната на претпријатието: www.vodovod-skopje.com.mk
- За работното место Свидетелства од I до VII одделение (во фотокопија) и Свидетелство за завршено VIII одделение (фотокопија заверена на нотар)
- Уверение или Решение за државјанство (копија)

Јавниот огласот трае 3 (три) работни дена, сметано од денот на објавувањето во дневниот печат.

Доколку на јавниот оглас се пријават до 200 кандидати за едно работно место изборот ќе се изврши во рок од 45 дена, од 201 до 500 кандидати за едно работно место изборот се изврши во рок од 90 дена и над 500 кандидати за едно работно место изборот се изврши во рок од 120 дена, по истекот на рокот на пријавувањето.

Ненавремена, некомплетна и неуредна документација нема да биде предмет на разгледување.

Пријавите со потребната документација, кандидатите се должни да ги достават до ЈП Водовод и канализација –Скопје на адреса ул.„Лазар Личеноски“ бр. 9 – Скопје.

Телефон за контакт 02/3073-010 локал 406; контакт лице: Лазе Мицкоски;